**Записник од годишното собрание на МНЗА, Скопје, 21.12.2007 година (декември 2006 - декември 2007)**

Годишното собрание на МНЗА (декември 2006-декември 2007) се одржа на 21.12.2007 год., во библиотеката на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

На Собранието присутни беа: Владимир Трајковски, Кристин Василевска, Наташа Чичевска-Јованова, Ана Попоска, Живка Димитровска, Наташа Станојковска-Трајковска, Билјана Кујунџиќ, Јасмина Ивановска, Зоран Киткањ, Дејан Трајков, Александар Петличковски и Василка Галевска.

Најавено отсутни беа: Љупчо Ајдински, Драгослав Копачев, Јордан Јовев и Горан Ајдински.

Собранието официјално започна во 12.15 часот, со најавата на претседателот на МНЗА, доц. д-р Владимир Трајковски, на предвидениот дневен ред, кој беше прифатен од присутните.

Прва точка на дневниот ред беше Усвојувањето на записникот од годишното собрание за 2006 година. Присутните немаа забелешки за предложениот записник и истиот беше едногласно усвоен.

По однос на втората точка на дневниот ред Извештај за работата на МНЗА во 2007 год., говореше д-р Трајковски. Во првиот дел, тој се осврна на неколку активности и тоа:

- Одржаната НВО платформа за сервисни служби во Македонија, во организација со ЕАСПД, на 16.03.2007, на Филозофскиот факултет, на која презентер од ЕАСПД бил г-динот Лук Зердерло, а од Македонија Љупчо Ајдински, Владо Крстовски и Лидија Крстевска-Дојчиновска. Како што информираше доц. Трајковски, биле направени напори за воспоставувањето регионална или национална структура на сервисни служби за лицата со пречки во развојот, но засега од ова нема конкретни резултати.

- Учеството на доц. д-р Владимир Трајковски на ЕАСПД семинарот: “Преку Граници-Култури-Пристапи” во Софија, во мај оваа година, како и остварената посета на тамошниот Центар за аутизам.

- Испратеното барање до националниот совет за инвалидни лица во РМ (во мај, 2007) за вклучување на МНЗА, бидејќи досега вклучените организации не ја покриваат ова категорија лица.

- Учеството на доц. д-р Владимир Трајковски на Аутизам Европа семинарот: “Европски денови на аутизмот”, Брисел. Во тој контекст, доц. Трајковски информираше за најавеното повлекување на претседателката и очекуваното ново претседателство од јануари, 2008 година, како и најавата за нова средба на Советот на администрацијата, за мај 2008 година во Рим.

- Креирањето на новата официјална веб страница на МНЗА www.mssa.org.mk (под спонзорство на Македонија прокет АД, Скопје), која е модернизирана, со нови информации, трудови, фото-галерија, а пренесени се и дел од содржините од претходната страница.

- Испратено барање до Премиерот и Министерот за здравство на РМ за креирање на национален регистар за лица со аутизам и формирање Центар за детекција, дијагностика, третман и рехабилитација на лица со аутизам

По првиот дел од излагањето на д-р Трајковски, по однос на извешајот за активностите на МНЗА за 2007 год., беше отворена дискусија. Тука, проф. Василевска даде објаснување во однос на креирањето на националниот регистар за лица со аутизам, дека согласно законските одредби тој би требало да функционира на Институтот за социјална медицина, но за жал, таму не постои волја и заинтересираност за такво нешто. Откако доц. Трајковски информираше дека во Ирска, ваквиот регистар е под надлежност на Министерството за здравство, д-р Трајков сугерираше дека би можело да има проблеми доколку се побара носител на регистарот да биде МНЗА или Институтот за дефектологија и предложи тоа да биде Институтот за епидемиологија. На тоа проф. Василевска одговори дека за тоа постои волја и подготвеност од нивна страна, но немаат законски ингеренции. Асс. Киткањ предложи да се поведе иницијатива за измени и дополнување на Законот за здравствена заштита, по што како заклучок беше предложено да се договори и оствари средба со Министерот или Заменик-министерот за здравство.

Во рамки на подточката Апликација и реализација на проекти, д-р Трајковски информираше за два проекта: “Одредување на автоантитела, цитокини и CD маркери кај лицата со аутизам во Република Македонија” (првично вратен заради поништен конкурс па повторно пријавен октомври 2007 во МОН, па сега се чека одговор) и “Едукативна комуникација” (поденесен до Министерство за финансии  и одбиен). Во рамки на овој дел, Василка Галевска ја пренесе информацијата за новиот конкурс на МОН за заеднички научно-истражувачки проекти со институции од Република Хрватска и беше предложено да се разгледа можноста за учество на истиот.

Исто така, д-р Трајковски ги брифираше присутните и за 4 нови  трудови за аутизмот објавени во 2007 и за учествата на семинари и конгреси во земјата и странство, со што беше комплетирана втората точка од дневниот ред.

За третата точка на дневниот ред Финансиски извештај за 2007 год., збор зеде благајникот на МНЗА, Јасмина Ивановска, која информираше за состојбата на сметката на МНЗА на крајот на 2006 год. (5.126,50 МКД), вкупните приходи за 2007 (519,50 МКД), вкупните расходи во 2007 (2.439,00 МКД) и моменталната состојба на сметката на МНЗА (3.207,00 МКД).

Потоа се премина кон четвртата точка, Програма за работа на МНЗА во 2008 год. Тука д-р Трајковски ги наведе следните планирани активности:

- Започнување со анализите на крвта од децата со аутизам и нивните родители доколку се добијат финансиски средства од Министерството за образование и

наука на РМ за проектот: Одредување на автоантитела, цитокини и ЦД маркери кај лицата со аутизам во Република Македонија;
- Одбрана на две магистерски тези од членови на МНЗА и евентуално пријава на докторат;
- Објавување на најмалку два труда за аутизмот во странски списанија;
- Активности за формирање на национален регистер за аутизмот во РМ;
- Организација на семинар-конференција посветена на аутизмот;
- Учество на стручњаци од МНЗА на меѓународни семинари, конгреси и конференции каде што се обработува аутизмот како проблем;
- Учество на МНЗА во проектите на Аутизам Европа и ЕАСПД;
- Запознавање на поширокaта јавност за поимот аутизам преку електронските и печатените медиуми и откривање на нови случаи со аутизам.

Во рамки на петтата точка од дневниот ред Разно, Јасмина Ивановска потсети дека на крајот на декември минатата година за децата со аутизам беше организирана Новогодишна забава, во игротеката ”Балони” и информираше дека и оваа година, на 28.12.2007, на истото место, од 14 до 16 часот повторно ќе се организира ваков настан. Таа информираше и за иницијативата и најавите за снимање на видео-спот за децата со аутизам кој потоа ќе се искористи за бесплатна кампања. На крајот на оваа точка, Живка Димитровска кратко информираше дека одделот за аутизам при Заводот за слух, говор и глас повеќе не функционира.

По исцрпувањето на точките од дневниот ред, д-р Трајковски им се заблагодари на присутните и им посака среќни празници и успешна 2008 година.

Записникот го подготви
Галевска Василка

Скопје,
21.12.2007 год.